Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 80/0306
19.04 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 05 април 2023 година, врз основа на примена жалба од Богдан Илиевски, го донесе следното:

# МИСЛЕЊЕ

**Текстот со наслов „Милошевски: Откако почнав да го критикувам јавно Мицкоски добив отказ од Алфа ТВ каде бев надворешен соработник во емисијата на Бетмен Велит", ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 1 март 2023 година, Богдан Илиевски поднесе жалба за текстот со наслов „Милошевски: Откако почнав да го критикувам јавно Мицкоски добив отказ од Алфа ТВ каде бев надворешен соработник во емисијата на Бетмен Велит“, објавен на порталот Мактел (maktel.mk) на 28 февруари 2023 година.

Жалителот како основа на жалбата наведува неточно и нефер известување, незастапена втора страна, мешање на факти со коментари, пристрасност и неурамнотеженост при информирање. Притоа жалителот навел дека има неточно пренесена изјава на Милошевски, а освен тоа наведува дека дел од содржината на кажаното е невистина што можело да се утврди со барање изјава од втората страна.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, стапи во контакт со редакцијата на порталот Мактел и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Во одговорот од медиумот се отфрлаат наводите на жалителот и се наведува меѓу другото следното:

„Пренесуваме јавно искажана изјава, каде само ја појаснуваме суштината на кажаното за да биде појасна за публиката. Тужителот сега се обидува да се правда и да се вади со некакви паушални објаснувања, тоа може да го направи со демант а не со ваква тужба која е траги комична и само покажува дека се работи за манипулант и цензор кој сака да ги изврти фактите и реалностите и да го угушува медиските израз и слободи.

Самата помисла дека може да пријавува и да тужи за пренесена јавна изјава наместо да прати демант ако мисли дека кажаното е неточно е шокантно манипулативно и цензорско поведение од страна на овој човек кој патем и работи во медиум и би требало да знае за слободата на медиумите да пренесуваат јавно искажани ставови во емисии кои одат во живо на интернет.

Втора страна се бара кога се прави истражувачка сторија а не кога се објавува нечија изјава кажана на друг медиум во друга емисија која си има уредници и водители и гости и не е наша одговорност што таму е кажано...“, се наведува во одговорот од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека има прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 5 март 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорниот текст, но и во оригиналната содржина во самиот подкаст од каде се влече веста за тоа што кажал говорникот.

Во расправата што ја водеше за оваа жалба, Комисијата утврди прекршување на членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, кој гласи: „Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.

Комисијата сметаше дека членот 1 од Кодексот е сосема јасен и не дозволува слободно толкување на она што говорникот го кажал (дека смената на политичкиот став може да се чита како критика кон Христијан Мицкоски), или ако медиумот сака тоа да го стори, мора јасно да истакне дека е парафраза или дека медиумот изјавата која претходно треба да биде прецизно пренесена ја разбира на начин како што е наведено во текстот на порталот кој е основа за жалбата.

Внимателно прегледување на оригиналот од кажаното ја увери Комисијата дека веста објавена во порталот е „накалемена и филувана“ на она што е кажано во оригиналот и дека во еден дел не е пренесено прецизно како што е кажано, туку дека е „протолкувана суштината“ како што се наведува во одговорот. Но, тоа не е прецизно наведено во веста, особено во насловот на веста па и во самата содржина.

Комисијата се согласува со делот од одговорот во кој медиумот наведува дека жалителот можел да прати демант ако смета дека во веста има невистина, но Комисијата, исто така, смета дека дали ќе се испрати демант до медиум или не е лично право на избор на секој граѓанин.

Што се однесува до барањето „втора страна“, Комисијата во целост го отфрла толкувањето на сопственикот на медиумот за тоа кога се барала „втора страна“. Проверката на фактите во веста е основа во новинарството. Затоа, Комисијата смета дека кога медиумот веќе објавува

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

вест со обвинување кон други лица или субјекти, тогаш професионално и етички според член 1 од Кодексот е медиумот да ги провери кажаните обвинувања, а тоа се прави со контактирање на „втора страна“ или проверка на веста од што е можно повеќе извори. Но, медиумот тоа не го сторил ниту во наведениот текст што е предмет на жалбата, а ниту подоцна не бил заинтересиран да ја провери вистинитоста на тврдењата – обвинувањата посочени во самата вест. Односно, медиумот не проверил дали е вистина или дали може да добие потврда на тврдењето на соговорникот што го пренесува, дека добил отказ поради политички убедувања.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **едногласно** одлучи како што е погоре образложено, односно дека медиумот го прекршил членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

Во работата на Комисијата учествуваа: Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Мирче Адамчевски　　　　Претседател на Комисијата за жалби

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk　info@semm.mk　(02) 3222-595